## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД
**на одредени податоци од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди за 9 месеци**

I. Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди по вид и години:

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривично пријавени лица | Поведув. дисц. постапка | Укажување со предупредување | Постап. за надомест на матер. штета | Суспендирање од раб.место |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 година | 1007 | 27 | 286 | 122 | 16 | 20 |
| 2021 година | 914 | 29 | 244 | 161 | 12 | 30 |
| 2022 година | 942 | 23 | 309 | 341 | 26 | 24 |
| 2023 година | 866 | 11 | 288 | 128 | 16 | 34 |
| 2024 година | 995 | 48 | 441 | 90 | 30 | 34 |

II. Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила:

| | Вкупно поднесоци | Основани | Неосновани | Нема докази |
|---|---|---|---|---|
| 2020 година | 45 | 6 | 16 | 23 |
| 2021 година | 44 | 2 | 9 | 33 |
| 2022 година | 37 | 4 | 19 | 14 |
| 2023 година | 49 | 4 | 17 | 28 |
| 2024 година | 47 | 4 | 13 | 30 |

III. Поднесоци од Народниот правобранител:

| | Вкупно поднесоци | Одговорени |
|---|---|---|
| 2020 година | 22 | 21 |
| 2021 година | 29 | 29 |
| 2022 година | 23 | 23 |
| 2023 година | 24 | 24 |
| 2024 година | 28 | 28 |

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Во рамки на своите превентивни активности Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди одржа шест обуки на кои присуствуваа 109 слушатели од Одделот за гранични работи и миграции, Регионални центри за гранични работи и Одделот за граѓански работи-ОУР Битола со Отсеците за управни работи на Битола, Прилеп, Македонски Брод и Ресен на теми за јакнење на интегритетот заради намалување на злоупотреба на службена положба и овластување и законска примена на полициските овластувања.

ПРИЛОГ: Табеларен преглед на одредени податоци

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ

**м-р Ивица Станковски**

Подготвил: главен советник- Јулијана Јанаќијева
главен аналитичар - Ива Колариќ Николовска
самостоен документарист - Анѓела Димитрова
самостоен документарист - Кристина Антиќ Трпеска
Контролирал: началник на одделение - Маја Реџепагиќ


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

На ден 04.07.2024 година во хотел „Холидеј Ин“ во Скопје, а по повод завршувањето на проектот „Подобрување на транспарентноста и отчетноста во работата на полицијата во Сенерна Македонија“ беа презентирани резултатите од проектот со крајна цел подобрување на јавното мислење и разбирање на транспарентноста и отчетноста на МВР.

Во периодот од 26-29 август 2024 година на покана на Ицитап програмата при Амбасадата на САД во РСМакедонија, делегација на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија предводена од Директорот на Бирото за јавна безбедност, Помошник на министерот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и претставници од одделот, присуствуваше на Годишна конференција 2024 во организација на Меѓународното здружение на истражители од одделите за внатрешна контрола на САД. За време на посетата македонската делегација оствари средби со експерти од областа на безбедноста на кои беа изнесени заложбите за реорганизација, развој и модернизација на македонската полиција, зголемување на довербата на граѓаните во полицијата преку зајакнување на односите со заедницата и беа изразени цврсти заложби за борба против корупцијата и зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на МВР на која беше потврдена подготвеноста на Ицитап програмата за поддршка на реформскиот процес за развој на Министерството за внатрешни работи.

На ден 10.09.2024 година во х.Панорамика во Скопје во организација на Националната конвенција на Европската Унија во РСМакедонија се одржа четвртата сесија на работна група 6- антикорупција на тема: Податоците на кои им веруваме предуслов за посилна економија и ефикасна борба со корупцијата на која присуствуваше претставник на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. На сесијата беа донесени заклучоци за институционално зајакнување на системите за собирање и анализа на податоци на јавниот сектор, интеграција на индикатори за владеење на правото и контрола на корупцијата, како и воведување на задолжителна транспарентност за сите државни имституции за јавно објавување на податоци.

# ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во рамки на своите превентивни активности во соработка со ЕУРОТИНК – Центар за европски стратегии, во рамки на проектот „Подобрување на транспарентноста и отчетноста во работата на полицијата во Сенерна Македонија" на ден 15.04.2024 и на ден 28.05.2024 спроведоа превентивни активности со делење на информативен материјал во вид на постери и флаери изработен од страна на ЕУРОТИНК – Центар за европски стратегии, во ПС за ГП - Блаце, ПС за ГП –Табановце, ПС за ГП Меѓународен Аеродром Скопје, ПС од ОН Кочани и ОУР -Кочани, ПС од ОН Виница и ОУР -Виница, ПС од ОН Делчево и ОУР Делчево и ПС за ГП Делчево, со цел запознавање на граѓаните со надлежностите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и начинот на кој можат да ги остварат своите права при поднесување на претставки против вработени во МВР доколку истите имаат сознанија за коруптивно или казниво однесување на вработени во МВР и постапки со кои им се повредени нивните слободи и права.

Во соработка со Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, Одделот како организациска единица во МВР која го применува стандардот МКС EN ISO 9001:2015, со опсег на сертификација внатрешна контрола, криминалистички истраги, професионално работење, превенција и интегритет, работа по претставки, истраги и професионални стандарди и во текот на оваа година продолжува да ги исполнува барањата на стандардот, согласно воспоставените процедури. Па така, во овој период воспоставени се цели за квалитет во 2024 година, утврдена е методологија за управување со ризици и извршено е приспитување на системот за менџмент со квалитет од страна на врвното раководството. По извршена надзорна проверка на сертификационото тело АМ ЦЕРТ - Скопје, во извештајот од аудитот, во делот позитивни аспекти и добра пракса, работењето на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е оценето како многу добро во делот на посветеноста на Одделот за спроведување на антикорупциската програма и јакнење на интегритетот на вработените во министерството.

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Во периодот од 01-03.05.2024 година како дел од државна делегација претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваа на конструктивниот дијалог со Советот на човекови права на ОН на кој се разгледуваше Четвртиот периодичен извештај на РСМ по Конвенцијата на ОН против тортура и друг груб, нехуман и деградирачки третман или казнување кој се одржа во седиштето на ОН во Женева. На седницата Членовите на комитетот дадоа генерална позитивна оценка на направените реформи во последние години, при што во своето завршно обраќање г-н Клод Хелер, претседател на комитетот, се заблагодари на македонската Делегација за конкретните одговори за многуте покренати прашања во текот на конструктивниот дијалог, при што ја пофали државата за висококвалитетниот дијалог. На 02.05.2024 година во Женева се разгледуваше Четвртиот извештај по Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на ОН кој се одржа во Женева и од страна на државите членки на ОН беа поздравени напорите за спроведување на реформите во сите сфери, воедно упатувајќи и препораки до нашата држава.

На 21 и 22.05.2024 година во хотел Солун во Скопје се одржа работилница во организација на Министерството за правда на РСМ за градење на политики за превенција од криминал и корупција на која од Одделот учество земаа двајца претставници.

Во периодот од 19-22.05.2024 година во организација на Центарот за безбедносна соработка RACVIAC беше одржана работилница на тема „Интегритетот и контролни мерки во институциите за одбрана и спроведување на законот". На работилницата беа презентирани теми од областа на интегритетот и спречување на корупцијата преку учење на најдобрите практики поврзани со конфликт на интереси, изјави за имотни состојби и заштита на класифицирани податоци.

Претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, присуствување на настан во рамки на програмата Еразмус+, кој се одржа во Софија, Р.Бугарија на тема „ Европско партнерство на етика и интегритет" на кој беа презентирани целите на проектот со посебен осврт на зајакнување на капацитетите на антикорупциските органи.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

надзор на полициското работење помеѓу земјите на Западен Балкан со крајна цел донесување на заеднички Статут за меѓусебна соработка.

На ден 04.04.2024 година се одржа обука спроведена од Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет при МВР во соработка со Одделот за специјални полициски операции над обучувачи и советници за континуирано стручно и физичко оспособување при МВР, на која претставник од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди одржа презентација за надлежностите на Одделот и начинот на постапување по поднесени претставки или добиено сознанија за прекумерна употреба на физичка сила од страна на полициски службеници, како еден од утврдените ризици во Планот за интегритет на Министерството за внатрешни работи и преземените мерки и активности за намалување на предвидениот ризик.

Претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во периодот од 01.04.2024-05.04.2024 година и 08.04.2024 -12.04.2024 година присуствуваа на напредна обука за спроведување на дисциплински постпки во организација на ОБСЕ на која учесниците беа запознаени со измените на Колективниот договор на МВР, механизмот за рана превенција и механизмот за рана интервенција, принципите на непристрасност, етичност и професионалност при водење на дисциплинските постапки, со презентирање на примери од судската пракса од страна на судии и адвокати.

На ден 18.04.2024 година во рамки на Проектот„Промоција на интегритетот и добро управување во земјите од Западен Балкан" кој се спроведува во МВР под покровителство на Центарот за интегритет во одбрамбениот сектор на Кралството Норвешка во партнерство со Одделот за внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди, во Одделот за гранични работи и миграции се одржа работилница на која учество земаа слушатели на ниво раководни работници за прашања од интегритетот и антикорупциските мерки, како мерка предвидена во Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет во МВР со детектиран ризик од корупција во граничната полиција.

изврши проценка на успешноста на спроведените мерки и активности предвидени во Акциониот план, со цел подобрување на институционалните политики во однос на спречување на корупцијата и јакнење на интегритетот и изработи Извештај за 2023 година за реализацијата на Акциониот план за спроведување на Планот за интегритет на Министерството за внатрешни работи 2023-2025. Одделот донесе заклучок дека предвидените мерки и активности за 2023 година во Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет 2023-2025 беа коректно поставени, реално спроведливи и резултатите се мерливи и следливи. На подолг рок, ваквите резултати, споредени со резултатите од спроведените мерки и активности за наредните 2024 и 2025 година ќе ни дадат уште појасна слика за состојбите со јакнењето на интегритетот кај работниците во МВР и намалувањето на стапката на корупција во редовите на Министерството.

Во периодот од 15-16.02.2024 година претставници од Одделот за ватрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваа на обука на тема „Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем на надворешниот механизам на контрола на полицијата на Северна Македонија".На обуката присуствуваа претставници од ОЈОГОКК-Специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворска полиција, Народниот правобраните, Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права и претставници од невладиниот сектор и тоа Хелсиншки комитет за човекови права, Здружение на млади правници и Евротинк. На обуката се дискутираше за функционирањето на надворешниот механизам за контрола, слабости и предности на системот со цел давање на квалитетна правна помош и заштита на основните слободи и права на граѓаните.

Во периодот од 25-26.03.2024 година во Призрен, Република Косово со поддршка на Центарот за интегрите на безбедносниот и одбрамбениот сектор на Кралството Норвешка беше одржана регинална конференција на земјите од Западен Балкан и тоа Албанија, Косово, Црна Гора и Северна Македонија со цел формирање на Регионален форум на тела за надзор на полициското работење кој ќе функционира како независна, неформална, неполитичка мрежа на телата на

констатирани неправилности и не се пријавени настани кој се однесува од делокругот на надлежноста на ОВККИПС.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, постапи по Анекс план бр.14-2253/1 од 25.09.2024 година, на ден 27.09.2024 година за контрола на ангажираните полициски службеници и однесувањето на присутни вработени во МВР за време на обезбедувањето на настанот-присуството на делегацијата на Унгарија предводена од Претседателот на Владата на Унгарија г-дин Виктор Орбан на подрачјето на Охрид. Од страна на ОВККИПС за времетраењето на манифестацијата не се констатирани неправилности и не се пријавени настани кој се однесува од делокругот на надлежноста на ОВККИПС.

**Од останатите активности на Одделот ги издвојуваме следните:**

Базирајќи се на Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси на Државната комисија за спречување на корупцијата и Извештајот на ГРЕКО за евалуација на РСМ- петти круг за „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритетот кај централната власт (највисоките извршни фукции) и органите за спроведување на законот“ Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во рамките на своите надлежности изработи Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2024 година и Акциски план за имплементација како стратешки документ во кој се поставени основните постулати врз кои се темели системот за интегритет во МВР со дефинирање на активностите, временската рамка за реализација, носителите на активност и индикаторите на успех.

Во јануари 2024 година, беше изработен Извештај за 2023 година за реализацијата на Акциониот план за спроведување на Планот за интегритет на Министерството за внатрешни работи 2023-2025.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди врз основа на квантитативната и квалитативната анализа на постигнувањата, околностите, ризиците и претходните искуства,

не се констатирани неправилности и не се пријавени настани кој се однесува од делокругот на надлежноста на ОВККИПС.

По Анекс план бр.14 -1809/2; бр.14-1809/3 и бр.14-18094 од 29.08.2024 година, а во врска со следење на извршувањето на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесувањето на присутни вработени во МВР, кои биле ангажирани на обезбедување на настанот на ОА „Илинден„ во врска со одбележување на културната манифестација во врска со државниот празник 2 Август „Илинден", која се одржа на подрачјето на град Скопје, на подрачјето на Крушево и месноста Мечкин Камен и Меморијалниот центар на АСНОМ во Пелинце во Куманово на која присуствуваа високи претставници од Владата на РСМ, Собранието на РСМ и Претседателката на РСМ. Од страна на ОВККИПС за времетраењето на манифестацијата не се констатирани неправилности и не се пријавени настани кој се однесува од делокругот на надлежноста на ОВККИПС.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, постапи по Анекс план бр.14 -2099/1 од 06.09.2024 година, а во врска со следење на извршувањето на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесувањето на присутни вработени во МВР, кои биле ангажирани за обезбедување на ден 08.09.2024 година во врска со одбележување на културната манифестација по повод државниот празник „Ден на независноста" која се одржа во подрачјето на градските гробишта Бутел-Скопје и во Филхармонија на Македонија. Од страна на ОВККИПС за времетраењето на манифестацијата не се констатирани неправилности и не се пријавени настани кој се однесува од делокругот на надлежноста на ОВККИПС.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, постапи по Анекс план бр.14-2189/1 од 20.09.2024 година, а во врска со следење на извршувањето на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесувањето на присутни вработени во МВР, кои биле ангажирани за обезбедување на ден 23.09.2024 година во врска со посета на Претседателот на Собрание на Р. Албанија на РСМ. Од страна на ОВККИПС за времетраењето на манифестацијата не се

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

По Анекс план бр.14-1445/1 од 11.06.2024 година во врска со закажан Регионален совет за соработка на кој присуствуваа претседатели на држави и министри за надворешни работи или нивни заменици, Одделот на ден 12 и 13.06.2024 го следеше извршувањето на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесување на присутните вработени во МВР за време на обезбедување на настанот;

По Анекс план за преземање на мерки и активности за обезбедување и други безбедносни мерки за непречено одржување на седница на Собранието на РСМ за избор на Влада на ден 23.06.2024 година.

Од извршената контрола, утврдено е дека полициските службеници постапуваат уредно и професионално согласно важечките прописи и постапуваат според дадените задачи во Наредбите за вршење на служба и не беа пријавени настани кои според делокругот на извршување на работните задачи припаѓаат на ОВККИПС.

По Анекс план бр.14 -301/1 од 01.07.2024 година во врска со следење на извршувањето на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесувањето на присутни вработени во МВР, кои биле ангажирани на обезбедување на одржаната манифестација во кругот на Амбасадата на САД, по повод „4 -ти Јули" ден на независноста на САД на ден 02.07.2024 година. Од страна на ОВККИПС за времетраењето на манифестацијата не се констатирани неправилности и не се пријавени настани кој се однесува од делокругот на надлежноста на ОВККИПС.

По Анекс план бр.14 -345/2 од 12.07.2024 година во врска со следење на извршувањето на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесувањето на присутни вработени во МВР, кои биле ангажирани на обезбедување на настанот за 61–то издание на културната манифестација „Галичка Свадба" на ден 14.07.2024 година на која присуствуваа високи државни функционери и претставници на дипломатскиот кор во РСМ. Од страна на ОВККИПС за времетраењето на манифестацијата не се констатирани неправилности и не се пријавени настани кој манифестацијата

евентуално некоректно, незаконито и непрофесионално постапување од страна на полициски службеници ангажирани по план на СВР Скопје;

По Анекс план бр.14.1121/1 од 02.05.2024 година во врска со следење на извршувањето на работните задачи на полициските службеници за време на одбележувањето на 121 година од смртта на македонскиот револуционер Гоце Делчев на ден 02.05.2024 година;

По Анекс план бр.14-1114/1 од 30.04.2024 година во врска со следење на извршувањето на работните задачи на полициските службеници на ден 03.05.2024 година по повод верскиот и државен празник Велигден заради зголемена мобилност, следење на состојбата и навремено преземање на мерки од своја надлежност околу поголемите верски објекти на подрачјето на град Скопје, односно Архепископски соборен храм Св. Климент Охридски, Црква Рожденство на Просвета Богородица , Црква Св.Јован Црква Св. Пантелејмон, Црква Св. Три Светители , Црква Св.Илија и Црква Св. Петар и Павле и на ден 05.05.2024 година со цел следење на состојбата и навремено преземање на мерки од својата надлежност во цркавата Св. Петар и Павле во Ѓорче Петров, Цркава Св. Јован Крстител во Капиштец, Црква „Соборен храм“ во Центар, Црква Св. Петка во Пржино и Црква Св. Илија во општина Аеродром;

По Анекс план бр.14-1122/1 од 02.05.2024 година година заради следење на извршувањето на работните задачи на полициските службеници за време на одбележувањето на денот на македонската полиција 07.05.2024, за време на одржаната свеченост на која присуствуваа високи функционери и претставници на дипломатскиот кор во РСМ;

По Анекс План број 14-1338/1 од 27.05.2024 година за контрола на извршување на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесување на присутните вработени во МВР за време на обезбедување на непреченото одржување на конститутивната седница на Собрание на РСМ закажана за ден 28.05.2024 година;


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

**Одделот постапуваше и по Анекс планови со цел контрола на извршување на работните задачи на полициските службеници при извршување на службените задачи и тоа:**

По Анекс план бр.37/1 од 17.01.2024 година во врска со контрола на извршување на работните задачи на униформирани полициски службеници при постапување и спроведување на Планот за одбележување на верскиот празник „Водици"на ден 19.01.2024 година, спроведена е контрола на извршувањето на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесувањето на присутните вработени во МВР во верските објекти и локации кои се обезбедувани од страна на полициски службеници на подрачјето на ПС ОН Аеродром, ПС ОН Кисела Вода, ПС ОН Карпош, ПС ОН Ѓорче Петров, ПО Петровец, ПС ОН Драчево, во врска со контрола на извршувањето на работните задачи на ангажираните полициските службеници и однесувањето на присутните вработени во МВР;

По Анекс план бр.14-52/1 од 26.01.2024 година, на ден 27.01.2024во врска со контрола на извршувањето на работните задачи на ангажираните полициските службеници и однесувањето на присутните вработени во МВР во врска со официјалната посета на Претседателот на Р. Србија во РСМ;

По Анекс план бр.14-300/1 од 02.02.2024 година на ден 04.02.2024 година за следење на извршувањето на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесувањето на присутните вработени во МВР во врска со одбележувањето на 152 години од раѓањето на Гоце Делчев;

По Анекс план бр.14-352/1 од 09.02.2024 година, на ден 09 и 10.02.2024 година поради посета претседателот на Владата на Косово Албин Курти во РС Македонија;

По Анекс план бр.14-1108 од 30.04.2024 година на 01.05.2024 година кој се однесува на превентивно покривање на излетничките места по повод празникот 1 - ви Мај и обезбедување на протест организиран од ССМ со цел утврдување на


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

почитување на наредба за користење на службени моторни возила; почитување на работното време согласно распоред за работа; постапување по Телеграма бр.22.1-19/1 од 06.08.2019 година од Директор на БЈБ, која се однесува на носење на приватни мобилни телефони; алкотестирање на полициските службеници за кои постои сомнение дека се под дејство на алкохол; почитување на член 168 став 2 од Законот за внатрешни работи во делот на кој се однесува на службени простории и моторни возила.

Одделот при спроведената контрола во ПС за ГП Аеродром Свети Апостол Павле во Охрид за утврдените неправилности поднесе предлог за утврдување на одговорност за кршење на работната дисциплина против тројца полициски службеници.

Одделот при спроведената контрола во ПС за ГН Франгово поднесе предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорност за кршење на работната дисциплина за двајца полициски службеници.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, постапи по План за вршење на контрола број 14-1729/1 од 19.07.2024 година и спроведе контрола на ден 19.07.2024 година во Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет во Одделот за односи со јавност и стратешки прашања во седиштето на МВР. По извршената контрола ОВККИПС поднесе предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорност за кршење на работната дисциплина за еден работник.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, врз основа на Наредба бр. 08.66866/1 од 28.06.2024 година и План за вршење на контрола број 14-1556/2 од 12.07.2024 година, како и врз основа на добиени оперативни сознанија на ден 15.07.2024 година спроведе контрола за почитување на работното време согласно дневниот распоред за работа и почитување на Наредбата за користење на службени моторни возила од страна на вработените во РЦ за ГР „Запад". За констатирани неправилности Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди против двајца полициски службеници поднесе предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина.

одржување и обновување на возилата на МВР и Наредбите бр.08-14/1 од 03.01.2017 година и бр.13.1.1-12 од 04.07.2017 година од Министерот за внатрешни работи; контрола на работните евиденции кои се однесуваат на евидентирање на работните часови; контрола на останати работни евиденции; почитување на член 168 од Закон за внатрешни работи кој што се однесува на службени простории и моторни возила; алкотестирање на полициските службеници. ОВККИПС по констатираните неправилности поднесе предлог за поведување на дисциплинска постапка против 11 полициски службеници и изрече мерка укажување за четворица полициски службеници.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, врз основа на Наредба бр. 08.66866/1 од 28.06.2024 година и План за вршење на контрола број 14-1556/5 од 19.07.2024 година, спроведе контрола на ден 21.07.2024 година во ПС за ГП и ГН „Богородица“ при РЦ за ГР „Југ“ на: постапување по задачите наведени во Наредбата за вршење на служба; почитување на наредба за користење на службени моторни возила; почитување на работното време согласно распоред за работа; постапување по Телеграма бр.22.1-19/1 од 06.08.2019 година од Директор на БЈБ, која се однесува на носење на приватни мобилни телефони; алкотестирање на полициските службеници за кои постои сомнение дека се под дејство на алкохол; почитување на член 168 став 2 од Законот за внатрешни работи во делот на кој се однесува на службени простории и моторни возила;

ОВККИПС по извршената контрола поднесе предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорност за кршење на работната дисциплина против петмината полициски службеници од ПС за ГП И ГН Богородица при РЦ за ГР „Југ“.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, врз основа на Наредба бр. 08.66866/1 од 28.06.2024 година и План за вршење на контрола број 14-1556/5 од 19.07.2024 година, спроведе контрола на ден 21.07.2024 година во ПС за ГП Аеродром Свети Апостол Павле Охрид, ПС за ГП и ГН Ќафасан и ПС за ГН Франгово на: постапување по задачите наведени во наредбата за вршење на служба;

полициски службеник од ПС за ГП Долно Блаце, поради тоа што во кабините за пасошка контрола за време на извршување на работните обврски на ден 02.06.2024 година, на себе не ги носеле задолжените МССК (боди камери) со што постапиле спротивно на Стандардна оперативна процедура за користење на мобилниот систем за снимање со камера.

Врз основа на Наредба бр.08-66845/1 од 28.06.2024 година и План број 14-1559/3 од 28.06.2024 година, Одделот на ден 29.06.2024 година и 30.06.2024 година изврши контрола во ПС од ОН Прилеп, ПС од ОН Велес, ПС од ОН Штип и ПС од ОН Струмица на активности предвидени во Акциониот план за имплементација на Планот за интегритет на МВР 2023-2025. Контролата се однесуваше на: почитување на работното време согласно распоред за работа, проверка на евиденциите на контролираните организациони единици на број на претставки добиени од граѓани против вработени, да се изврши алкотестирање на полициски службеници кои за постои сомнение дека се под дејство на алкохол, контрола на работните и оперативни евиденции,почитување на член 168 од ЗВР, во делот кој се однесува на службени простории и моторни возила, контрола на полициските службеници дали постапуваат по наредбите за вршење на служба и контрола на квалитетот на извршувањето на работните задачи. По извршената контрола од страна на Одделот во ПС ОН Штип, ПС ОН Струмица, ПС од ОН Прилеп и ПС од ОН Велес беше утврдено дека регистрите за водење на евиденции не се целосно пополнети со сите потребни податоци и дадено е укажување заради надминување на наведената состојба и водење на службените евиденции согласно Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на ден 09.07.2024 година, постапи по Наредба рег.бр.14-72981/1 од 09.07.2024 година и изврши контроли во Одделот за заштита на определени личности и објекти (ОЗОЛО) за: почитување на работното време согласно дневниот распоред за работа; почитување на наредбата за користење на службени моторни возила; користење на службени возила во МВР согласно Правилникот за распределба, користење,

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Врз основа на Наредба бр.14-420197/1 од 12.04.2024 година, Наредба бр.14-42102/1 од 12.04.2024 година и Наредба бр.14.2.2-19/79 од 21.05.2024 година и План број 14-1377/1 од 31.05.2024 година, Одделот на ден 02.06.2024 година изврши контрола во ПС ОН Тетово и ПС за ГП Јажинце. Контролата се однесуваше на:почитување на Правилникот за распределба, користење, одржување и обновување на возилата, почитување на работното време согласно распоред за работа, контрола за извршување на поставените задачи согласно Наредбата за вршење на служба, да се изврши алкотестирање на униформираните полицајци за кои ќе постои сомнение дека се под дејство на алкохол, конторла на работните и оперативни евиденции, почитување на член 168 од ЗВР во делот кој се однесува на службени простории и моторни возила, постапување по Телеграма бр.22.1-19 од 06.08.2019 година и контрола на спроведувањето на мерките и активностите од Акционот план за имплементација на Планот за интегритет на Министерството за внатрешни работи 2023-2025. ОВККИПС изрече укажување на вработените во ПС за ГП Јажинце и ПС ОН Тетово во делот на пополнување на евиденциите за одземени, приведени и задржани лица, за лица лишени од слобода и истите да се пополнуваат согласно прописите од оваа област и редовно да се ажурираат.

Врз основа на Наредба бр.42102/1 од 12.04.2024 година и Наредба бр.42097/1 од 12.04.2024 година и План број 14-1374/1 од 30.05.2024 година, Одделот на ден 02.06.2024 година изврши контрола во ПС за ГП и ГН Табановце, ПС за ГП Меѓународен аеродром Скопје и ПС за ГП Блаце при РЦ за ГР Север. Контролата се однесуваше на постапување по задачите наведени во Наредбите за вршење на служба, почитување на Наредбата за користење на службени моторни возила, почитување на работното време согласно дневниот распоред за работа, алкотестирање на униформираните полициски службеници за кои ќе постои сомнение дека се под дејство на алкохол, контрола на работните евиденции, почитување на членот 168 од ЗВР во делот кој се однесува на службени простории и моторни возила, контрола на носење на приватни мобилни телефони (важи само за ПС од гранична полиција) и постапување по Телеграма бр.22.1-19 од 06.08.2019 година. ОВККИПС по извршената контрола согласно поднесе Предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина за тројца полициски службеници од ПС за ГП Меѓународен Аеродром Скопје и еден

легитимации, оружје и опрема на полициските службеници кои во моментот извршуваат работни задачи, контрола на работните евиденции и евиденции за приведени и лишени лица од слобода и задржани лица и контрола на досиеја по случаен избор, почитување на чл.168 од ЗВР и алкотестирање на полициските службеници за кои постои сомнение дека се под дејство на алкохол. Поради сторена повреда на работниот ред и постапување спротивно на Телеграма бр.22.1-19/1 од 06.08.2029 година со која се забранува носење и користење на приватни мобилни телефони за време на работа ОВККИПС поднесе Предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против двајца полициските службеници и изрече мерка укажување согласно член 206-а од КД на МВР за еден полициски службеник од РЦ за ГР Запад за подобрување на работењето заради соодветно извршување на неговите работни обврски при упатување на смена на полициските службеници да им укаже на истите своите приватни мобилни телефони да ги одложат кај непосредниот раководител до завршување на смената и началникот на СВР Охрид да преземе соодветни мерки и преку непосредниот раководител да им укаже на полициските службеници да ги извршуваат своите службени работи и уредно да ги пополнуваат сите регистри за евиденција.

Врз основа на Наредба бр.42102/1 од 12.04.2024 година и Наредба бр.42097/1 од 12.04.2024 година и План број 14-1375/1 од 30.05.2024 година, Одделот на ден 01.06.2024 година изврши контрола во ПС за ГН Сопот, ПС за ГН Пелинце од РЦ при РЦ за ГР Север и ПО Ранковце при СВР Куманово. Контролата се однесуваше на постапување по задачите наведени во Наредбите за вршење на служба, почитување на Наредбата за користење на службени моторни возила, почитување на работното време согласно дневниот распоред за работа, да се изврши алкотестирање на униформираните полициски службеници за кои ќе постои сомнение дека се под дејство на алкохол, контрола на работните евиденции, почитување на членот 168 од ЗВР во делот кој се однесува на службени простории и моторни возила и постапување по Телеграма бр.22.1-19 од 06.08.2019 година. ОВККИПС по извршената поднесе Предлог за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина за еден полицискиот службеник во ПО Ранковце при СВР Куманово поради присуство на алкохол во крвта од 0,26г/к-промили.

во однос на приведените, лишените од слобода и задржани лица доследно да се применуваат одредбите од СОП за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода надвижење, Законот за полиција, доследно почитување на Решение за определување на полициски станици за задржување на лица бр.13.1.1-36292/1 од 02.05.2018 година и Телеграма бр.22.1-06 од 26.05.2021 година која се однесува на лица на кои им е ограничена слободата. По однос на примените претставки од граѓани да се постапува согласно член.12 став 2 и 3 од Правилникот за вршење на работите во ОВККИПС.

Врз основа на Наредба рег.бр.14-42102/1 од 12.04.2024 година и План број 14-1337/1 од 28.05.2024 година, на ден 31.05.2024 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди спроведе контрола во работењето во ОКР Центар и Бит Пазар при СВР Скопје за почитување на работното време согласно распоредот за работа, почитување на член 168 од ЗВР во делот кој се однесува на службените простории и моторни возила, контрола на Евиденција на криминалистички истражувања, контрола на досие по случаен избор за извршени кривични дела со НН сторител, почитување на стандардните процедури при вршење на посебните должности и овластувања, почитување на Телеграма број 22.1-11 од 27.01.2021 година, евиденции за поднесени кривични пријави, евиденција на потерници, алкотестирање на затекнати вработени. По извршената контрола беа констатирани одредени неправилности и беа дадени насоки за нивно отстранување во делот на месечните евиденции и користење на унифицирани обрасци согласно подзаконските акти на МВР. По извршениот алкотест со апарат дрегер кај ниту еден од вработените не беше констатирано присуство на алкохол.

Врз основа на Наредба бр.14.-14-42097/1 од 12.04.2024 година и Наредба бр.41102/1 од 12.04.2024 година и План број 14-1376/1 од 31.05.2024 година, Одделот на ден 01.06.2024 година изврши контрола во ПС за ГП и ГН Блато и ПС од ОН Дебар за постапување по задачите наведени по наредбите за вршење на служба, почитување на работното време согласно распоредот за работа, постапување по Телеграма бр.22.1-19/1 од 06.08.2019 година, личен преглед на полициските службеници кои ќе се затекнат на работа, кабини за пасошка контрола, шкафови и останат ентериер во службените простории и возила, да се изврши контрола на носење на службените

